Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравески-претседавач, Дејан Бошков- член, Сабри Алими- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1539/6 од 13.09.2016 против Стевковски Христијан ИД бр. 105662 фудбалер на ФК Скопје-Скопје , исключен на натпревар од 4 коло на Втора МФЛ одигран на ден 10.09.2016 година помеѓу ФК Скопје– ФК Хоризонт Турново АД, врз основа на член 40 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 16.09.2016 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. На **Стевковски Христијан** ИД бр. 105662 **фудбалер** на ФК Скопје-Скопје, исключен на натпреварот од 4 коло на Втора МФЛ одигран на ден 10.09.2016 година помеѓу ФК Скопје– ФК Хоризонт Турново АД поради груба игра му се изрекува **дисциплинска мерка забрана на настап на 2(два) првенствени /куп натпревари.**

2. Казната тече од 11.09.2016 година.

3.Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1539/6 од 13.09.2016 против Стевковски Христијан ИД бр. 105662 фудбалер на ФК Скопје-Скопје , исключен на натпреварот од 4 коло на Втора МФЛ одигран на ден 10.09.2016 година помеѓу ФК Скопје– ФК Хоризонт Турново АД , ги разгледа предложените докази и тоа записник од натпреварот, делегатски извештај, изјава од главниот судија, изјава од пријавениот фубалер и ја утврди следната фактичка состојба :

Во рамките на 4-тото коло на Втора МФЛ на ден 10.09.2016 година одигран е првенствен натпревар помеѓу екипите на ФК Скопје– ФК Хоризонт Турново АД. Главниот судија на натпреварот во судиското продолжение на првото полувреме поради груба игра – недозволен старт надвор од 16 метри го исключил фудбалерот на домашната екипа со бр.77.

Согласно вака утврдената фактичка состојба Комисијата земајќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување фудбалерот сторил прекршок утврден во член 40 од ДП на ФФМ и едногласно донесе одлука како во диспозитивот

Деловоден бр. 0801-1539/6-1

Дисциплинска Комисија

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Бранко Здравески с.р**

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

**ДН:**
- ФК Скопје - Скопје
- Комисија за натпревари
- Архива на ФФМ
- МАКФУДБАЛ

Деловоден бр. 0801-1539/6-1

ФФМ ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-1348/3-2
16.09 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравески-претседавач, Дејан Бошков- член, Сабри Алими- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1348/3 од 24.08.2016 против ФК Брегалница АД Штип, за присуство на неслужбени лица на терен и во службени простории за време на одигрување и по завршување на натпреварот од трето коло на Прва МФЛ ,ФК Брегалница АД-ФК Силекс АД, согласно член 49 од ДП на ФФМна седницата одржана на ден 16.09.2016 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. **ФК Брегалница АД** од Скопје се казнува со парична казна во висина од **500** (петстотини ) **евра** во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Се задолжува ФК Брегалница АД од Скопје по правосилност на одлуката да изврши уплата на паричната казна од точка 1 на оваа одлука на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 во Стопанска банка АД Скопје.

3.Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1348/3 од 24.08.2016 против ФК Брегалница АД Штип, за присуство на неслужбени лица на терен и во службени простории за време на одигрување и по завршување на натпреварот од трето коло на Прва МФЛ ,ФК Брегалница АД-ФК Силекс АД, Комисијата донесе одлука за покренување на дисципинска постапка против клубот. Клубот и службените лица од натпреварот беа задолжени во рокот определен со одлуката за поведување на постапка да се произнесат во врска со прекршокот за кој се товари клубот.

Во изјавата доставена од ФК Брегалница АД Штип , клубот наведува дека за време на натпреварот имало свирежи од страна на публиката за судиските одлуки. Организацијата била согласно правилата и дека немало присуство на неовластено лице во службени простории .

Исказите на службените лица на натпреварот дадени во делегатскиот извештај и пријавата дадена од страна на главниот судија на натпреварот укажуваат на присуство на неслужбени лица во службените простории.

Комисијата по разгледување на предложените докази од страна на Натпреварувачката комисија : билтен бр.3, записник од натпреварот, делегатски извештај, изјава на член на Комисијата за безбедност, како и изјава на делегатот, исказот на главниот судија даден во пријавата бр.08-1374/1 и изјавата на клубот ја утврди следната фактичка состојба:

Во рамките на третото коло на Прва МФЛ на ден 21.08.2016 година во Кочани одигран е првенствен натпревар помеѓу екипите на Брегалница АД-ФК Силекс АД.

Во 67 минута од натпреварот во подтрибинскиот простор-тунелот влегле неовластени лица кои биле брзо одстранети. Истите лица по завршување на натпреварот влегле и во службените простории недолично се однесувале и му упатиле погрдни зборови на главниот судија на натпреварот.

По утврдување на фактичката состојба, Комисијата констатира дека ФК Брегалница АД Штип како организатор на натпреварот сторила прекршок утврден во

член 49 од ДП на ФФМ. При одмерување на казната согласно член 3 од ДП на ФФМ Комисијата ги зема во предвид сите околности по што едногласно одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Бранко Здравески с.р**

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

**ДН:**
- ФК Брегалница Штип
- Комисија за натпревари
- Архива на ФФМ
- МАКФУДБАЛ

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1348/5-2
16.09 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравески- претседавач, Дејан Бошков- член, Сабри Алими- член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. бр.15-1348/5 од 24.08.2016 против Колев Илија, потпретседател на ФК Брегалница АД Скопје, и пријавата на Мечкаровски Димитар главен судија на натпреварот од трето коло на Прва МФЛ- ФК Брегалница АД-ФК Силекс АД, бр.0801-1374/1 против Колев Илија и Митев Мите, претседател на ФК Брегалница АД Штип за недолично однесување, за време и по завршување на натпреварот , врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 16.09.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На **Мите Митев**, претседател на ФК Брегалница Штип поради неспортско однесување на натпреварот ФК Брегалница АД-ФК Силекс АД одигран во рамките на третото коло на Прва МФЛ на 21.08.2016 година му се изрекува **дисциплинска мерка забрана на вршење на функција во траење од 4 (четири) месеци.**

2. На **Илија Колев**, потпретседател на ФК Брегалница Штип поради неспортско однесување на натпреварот ФК Брегалница АД-ФК Силекс АД одигран во рамките на третото коло на Прва МФЛ на 21.08.2016 година му се изрекува **дисциплинска мерка забрана на вршење на функција во траење од 4 (четири) месеци.**

3. Казната тече од 16.09.2016 година.

4.Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1348/5 од 24.08.2016 против Колев Илија, потпретседател на ФК Брегалница АД Скопје, и пријавата на Мечкаровски Димитар главен судија на натпреварот од трето коло на Прва МФЛ- ФК Брегалница АД-ФК Силекс АД, бр.0801-1374/1 против Колев Илија потпретседател и Митев Мите, претседател на ФК Брегалница АД Штип за недолично однесување, клевети и навреди за време и по завршување на натпреварот, Комисијата донесе одлуки за покренување и спојување на дисципинските постапки. Пријавените лица беа задолжени во рокот определен со одлуката за поведување на постапка да се произнесат во врска со наводите во поднесените пријави. Мите Митев достави изјава до Комисијата во која наведува дека натпреварот го следел од трибина и дека не изразил вулгарност према судиите. Илија Колев во наведениот рок даден со одлуката за поведување на дисциплинска постапка не се произнесе односно не достави изјава во врска со наводите во пријавата.

Комисијата по разгледување на доказите : пријавата од Комисијата за натпревари против Колев Илија и пријавата на главниот судија на натпреварот, против Колев Илија и Митев Мите, делегатскиот извештај и записникот од натпреварот, изјавата на клубот домаќин и изјавата на Митев Мите претседател на ФК Брегалница АД Штип ја утврди следната фактичка состојба:

Во рамките на третото коло на Прва МФЛ на ден 21.08.2016 година во Кочани одигран е првенствен натпревар помеѓу екипите на Брегалница АД-ФК Силекс АД.

Во 67 минута од натпреварот во подтрибинскиот простор-тунелот влегле Претседателот, потпретседателот на ФК Брегалница АД Штип и уште едно лице, истите биле брзо одстранети. Истите лица по завршување на натпреварот влегле и во службените простории и упатиле навреди и други погрдни зборови кон главниот судија на натпреварот.

По утврдување на фактичката состојба, Комисијата констатира дека Илија Колев, потпретседател на ФК Брегалница АД Штип и Мите Митев, претседател на ФК Брегалница АД Штип сториле прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ. При одмерување на казната согласно член 3 од ДП на ФФМ Комисијата ги зема во предвид сите околности по што едногласно одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Бранко Здравески с.р**

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

**ДН:**
- ФК Брегалница Штип
- Комисија за натпревари
- Архива на ФФМ
- МАКФУДБАЛ

Деловоден бр. 0801-1348/5-2

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-1348/6-2
16.09 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравески-претседавач, Дејан Бошков- член, Сабри Алими- член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1348/6 од 24.08.2016 против ФК Вардар АД, Скопје, за прекршок направен согласно одредбите на член 36 и член 51став 1 вв. со став 6 од ДП на ФФМ на натпреварот одигран во рамките на трето коло на Прва МФЛ на ден 21.08.2016 година помеѓу екипите на ФК Победа АД-ФК Вардар АД во Битола на седницата одржана на ден 16.09.2016 година, согласно член 51став 1 вв. со став 6 од ДП на ФФМ ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. 1. **ФК Вардар АД** од Скопје се казнува со парична казна во висина од **750** (седумстопедесет ) **евра** во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Се задолжува ФК Вардар АД од Скопје по правосилност на одлуката да изврши уплата на паричната казна од точка 1 на оваа одлука на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 во Стопанска банка АД Скопје.

3.Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1348/6 од 24.08.2016 против ФК Вардар АД, Скопје, за прекршок направен согласно одредбите на член 36 и член 51став 1 вв. со став 6 од ДП на ФФМ на натпреварот одигран во рамките на трето коло на Прва МФЛ на ден 21.08.2016 година помеѓу екипите на ФК Победа АД-ФК Вардар АД во Битола, на седницата одржана на 26.08.2016 година Комисијата донесе одлука за покренување на дисципинска постапка против клубот по наведениот основ. Клубот и службените лица од натпреварот беа задолжени во рокот определен со одлуката за поведување на постапка да се произнесат во врска со прекршокот за кој се товари клубот.

Во изјавата доставена од ФК Вардар АД Скопје , клубот наведува дека нивната навивачка група во бројка од околу 100 навивачи стигнала 30 минути по почетокот на натпреварот. Навивачката група на ФК Победа вршела провокации и пред и по пристигнувањето на нивната навивачка група.Слогани со навредлива содржина на етничка основа не биле извикувани од страна на нивните навивачи како и дека контролата на внесот на пиро-технички средства е обврска на клубот домаќин кој го организира натпреварот и по нивно видување превземал минимални мерки за обезбедување со 20 редари и 12 лица за обезбедување од Агенција за обезбедување и покрај тоа што натпреварот бил прогласен за натпревар од висок ризик.

Комисијата по разгледување на предложените докази од страна на Натпреварувачката комисија и тоа билтен бр.3, записник од натпреварот, делегатски извештај, изјава на член на Комисија за безбедност како и изјавата на клубот ја утврди следната фактичка состојба:

Во рамките на третото коло на Прва МФЛ на ден 21.08.2016 година во Битола одигран е првенствен натпревар помеѓу екипите на ФК Победа АД-ФК Вардар АД. Натпреварот бил прогласен за натпревар од висок ризик. Двата клуба имале најавено дека ќе организираат навивачки групи. Навивачката група на гостите броела околу

100 навивачи, додека на домаќините околу 300 навивачи. Биле присутни 32 редара и поголем број на претставници на државните органи за безбедност(повеќе од 100) .

Навивачката група на гостите пристигнала со задоцнување. За времетраење на натпреварот двете навивачки групи меѓусебно си дофрлале. Навивачите на клубот гостин употребиле пиротехнички средства односно запалиле 5 бакљи за што сведочи и делегатот во делегатскиот извештај и изјавата на членот на Комисијата за безбедност

По утврдување на фактичката состојба, Комисијата констатира дека ФК Вардар АД Скопје сторил прекршок утврден во член 51 став 6 од ДП на ФФМ.

При одмерување на казната Комисијата ги зема во предвид сите околности согласно член 3 од ДП на ФФМ по што едногласно одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Бранко Здравески с.р**

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

**ДН:**
- ФК Вардар АД Скопје
- Комисија за натпревари
- Архива на ФФМ
- МАКФУДБАЛ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1261/4-2
16.09 2016 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравески-претседавач, Дејан Бошков- член, Сабри Алими- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1261/4 од 16.08.2016 против ФК Шкендија АД, Тетово,за неизвршување на обврски зададени во член 20 став 3 и 8 од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ за тековната натпреварувачка сезона а во врска со одиграниот натпревар од Прво коло на Прва МФЛ помеѓу екипите на ФК Шкендија АД – ФК Силекс АД, врз основа на член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 16.09.2016 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. **ФК Шкендија АД** од Тетово се казнува со парична казна во висина од **1000** (илјада) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Се задолжува ФК Шкендија АД од Тетово по правосилност на одлуката да изврши уплата на паричната казна од точка 1 на оваа одлука на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 во Стопанска банка АД Скопје.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1261/4 од 16.08.2016 против ФК Шкендија АД, Тетово,за неизвршување на обврски зададени во член 20 став 3 и 8 од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ за тековната натпреварувачка сезона а во врска со одиграниот натпревар од Прво коло на Прва МФЛ помеѓу екипите на ФК Шкендија АД – ФК Силекс АД ,на седницата одржана на 19.08.2016 година Комисијата донесе одлука за покренување на дисципинска постапка против клубот по наведениот основ. Клубот и службените лица од натпреварот во рокот определен со одлуката за поведување на постапка се произнесоа во врска со прекршокот за кој е поведена постапка.

ФК Шкендија АД во изјавата доставена до комисијата потврдува дека обврската од член 20 став 3 и 8 од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ ја нема извршено но дека се работи за превид од небрежност. Потоа, дека со неизвршување на оваа обврска не стекнала никаква предност пред својот противник ниту кон било која трета страна.Клубот наведува дека не постои сериозност односно тежина на прекршокот за што по негово мислење говори и фактот дека делегатот на натпреварот воопшто не го увидел за нив таканаречениот прекршок и не им укажал на екипите при составување на записникот иако тоа бил должен да го стори согласно член 19 став1 алинеа 2 од Пропозициите. Во прилог на истото мислење клубот наведува дека ниту една директно заинтересирана страна со право да вложи жалба, не се почувствувала оштетена и истото не го сторила по што Комисијата за натпревари го регистрирала натпреварот со постигнат резултат. Клубот во изјавата бара Дисциплинската комисија да го примени соодветно член 3 и да му изрече на клубот опомена.
Службените лица на натпреварот во своите изјави до комисијата го констатираат настанот и се произнесуваат дека немале надлежност за постапување.

Комисијата по разгледување на предложените докази од страна на Натпреварувачката комисија и тоа записник од натпреварот, делегатски извештај,

увид во Комет системот како и изјавите на клубот и службените лица на натпреварот ја утврди следната фактичка состојба:

Во рамките на првото коло на Прва МФЛ на ден 08.08.2016 година е одигран првенствен натпревар помеѓу екипите на ФК Шкендија АД – ФК Силекс АД. Натпреварот завршил со резултат 2: 1 во корист на домаќинот. По натпреварот не е најавена ниту вложена жалба во за тоа утврдениот рок. Комисијата за натпревари го регистрирала натпреварот со постигнат резултат и констатирала дека клубот домаќин не го започнал и завршил првото полувреме со домашен фудбалер кој согласно одредбите на член 20 на пропозициите за Прва МФЛ за тековната сезона нема наполнето 21 година.Од тие причини Комисијата за натпревари поднела дисциплинска пријава со бр. 15-1261/4 од 16.08.2016 против ФК Шкендија АД, Тетово,за неизвршување на обврски зададени во член 20 став 3 и 8 од истите пропозиции.

Комисијата по утврдување на фактичката состојба се осврна на наводите во изјавата на пријавениот дека се работи за превид од небрежност и при одмерување на казната како олеснителна околност го зема фактот дека на клубот тоа му е прв прекршок од ваков вид но како отежителна околност го зема фактот дека клубот обврската определена во Пропозициите да го започне и заврши првото полувреме со домашен фудбалер кој согласно одредбите на член 20 на пропозициите за Прва МФЛ за тековната сезона нема наполнето 21 година го зема како несериозна односно обврска која нема тежина.

Во врска со погоренаведените наводи дадени во изјавата, Комисијата му обрнува внимание на клубот за сериозноста и тежината на оваа обврска која произлегува од целите утврдени во статутот на ФФМ, развојот и унапредување на фудбалската игра посебно преку создавање на млади играчи.

Комисијата исто така се осврна и на наводите во изјавата во која пријавениот ја истакнува должноста на делегатот за укажување на оваа обврска а која според пријавениот е утврдена во член 19 став 1 алинеа 2 од Пропозициите. Комисијата укажува дека наведената одредба се однесува на обврската на делегатот да ја констатира исправноста на спортските легитимации и правото на настап на пријавените фудбалери. Во конкретниот случај воопшто не станува збор за немање право на настап на фудбалер кој би произлегол од увид во спортските легитимации.

Од погоренаведените причини, Дисциплинската комисија на ФФМ согласно член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ едногласно одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Бранко Здравески с.р**

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

**ДН:**
- ФК Шкендија АД - Тетово
- Комисија за натпревари
- Архива на ФФМ
- МАКФУДБАЛ

Деловоден бр. 0801-1261/4-2

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-1261/5-2
16.09 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравески-претседавач, Дејан Бошков- член, Сабри Алими- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1261/5 од 16.08.2016 против Ралевски Златко, делегат на натпреварот ФК Шкендија-ФК Силекс одигран на ден 08.08.2016 година во Тетово за прекршок направен согласно одредбите на член 19 став 1 алинеа 17 од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ за тековната натпреварувачка сезона, врз основа на член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 16.09.2016 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. На **Ралевски Златко од Битола**, делегат на натпреварот ФК Шкендија-ФК Силекс одигран на ден 08.08.2016 година во рамките на првото коло на Прва МФЛ му се изрекува **дисциплинска мерка забрана на вршење на функција во траење од 3 (три) месеци.**

2. Казната тече од 16.09.2016 година.

3.Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1261/5 од 16.08.2016 против Ралевски Златко, делегат на натпреварот ФК Шкендија-ФК Силекс одигран на ден 08.08.2016 година во Тетово за прекршок направен согласно одредбите на член 19 став 1 алинеа 17 од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ за тековната натпреварувачка сезона,Комисијата на седницата одржана на 19.08.2016 година донесе одлука за покренување на дисципинска постапка против Ралевски Златко по наведениот основ. Комисијата побара од Ралевски Златко како службено лице на натпреварот да достави изјава во врска со поднесената пријава. До пријавениот беа испратени две барања за произнесување по два различни основа. Во рокот определен со одлуката за поведување на предметната постапка пријавениот не се произнесе во врска со прекршокот за кој се терети со пријавата од Натпреварувачката комисија. Пријавениот достави изјава до Комисијата во врска со постапка покрената против клубот домаќин на предметниот натпревар согласно член 20 став 3 и 8 од Пропозициите за Прва МФЛ).

Комисијата по извршениот увид во записникот од натпреварот, делегатскиот извештај , изврши увид и во снимката од натпреварот ФК Шкендија-ФК Силекс одигран на ден 08.08.2016 година. По изведување на доказите Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

Во рамките на првото коло на Прва МФЛ на ден 08.08.2016 година во Тетово одигран е првенствен натпревар помеѓу екипите на ФК Шкендија АД – ФК Силекс АД. За делегат на натпреварот бил одреден Ралевски Златко од Битола. За време на натпреварот навивачите недолично се однесувале, евидентно од снимката од натпреварот. Од страна на делегатот не се превземени мерки против ваквото однесување ниту пак ваквото недолично однесување е евидентирано во службените списи од натпреварот што е спротивно на обврските на делегатот утврдени во член 19

став 1 алинеа 8,10 и 17 од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ за тековната натпреварувачка сезона.

Согласно вака утврдената фактичка состојба Комисијата земајќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека Ралевски Златко ги занемарил обврските како делегат и сторил прекршок согласно член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ и едногласно донесе одлука како во диспозитивот.

Од погоренаведените причини, Дисциплинската комисија на ФФМ согласно член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ едногласно одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Бранко Здравески с.р**

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

**ДН:**
- Ралевски Златко - Битола
- Комисија за натпревари
- Архива на ФФМ
- МАКФУДБАЛ

Деловоден бр. 0801-1261/5-2

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1261/7-2
16.09 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравески-претседавач, Дејан Бошков- член, Сабри Алими- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1261/7 од 16.08.2016 против ФК Вардар АД, Скопје, за прекршок направен согласно одредбите на член 36 и член 51 став 6 од ДП на ФФМ а во врска со одиграниот натпревар од второ коло на Прва МФЛ помеѓу екипите на ФК Вардар АД- ФК Шкендија АД во Скопје на седницата одржана на ден 16.09.2016 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. **ФК Вардар АД** од Скопје се казнува со парична казна во висина од **1500** (илјада и петстотини ) **евра** во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Се задолжува ФК Вардар АД од Скопје по правосилност на одлуката да изврши уплата на паричната казна од точка 1 на оваа одлука на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 во Стопанска банка АД Скопје.

3.Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1261/7 од 16.08.2016 против ФК Вардар АД, Скопје, за прекршок направен согласно одредбите на член 36 и член 51 став 6 од ДП на ФФМ а во врска со одиграниот натпревар од второ коло на Прва МФЛ помеѓу екипите на ФК Вардар АД-ФК Шкендија АД во Скопје,на седницата одржана на 19.08.2016 година Комисијата донесе одлука за покренување на дисципинска постапка против клубот по наведениот основ. Клубот и службените лица од натпреварот беа задолжени во рокот определен со одлуката за поведување на постапка да се произнесат во врска со предметната пријава.

ФК Вардар АД во изјавата доставена до Комисијата наведува дека ги превзел сите неопходни мерки согласно Законот за спречување на насилство и недолично однесување на спортски натпревари.Клубот наведува дека се стремел и ќе се стреми кон високо ниво на организација како и дека нема да дозволи и толерира поединци да влијаат на одигрување на натпреварите.

Комисијата по разгледување на предложените докази од страна на Натпреварувачката комисија и тоа записник од натпреварот, делегатски извештај, записник од одржаната седница на комисијата, снимка од натпреварот како и изјавата на клубот ја утврди следната фактичка состојба:

Во рамките на второто коло на Прва МФЛ на ден 14.08.2016 година во Скопје одигран е првенствен натпревар помеѓу екипите на ФК Вардар АД- ФК Шкендија АД . Натпреварот бил прогласен за натпревар од висок ризик. За времетраење на натпреварот навивачите на клубот домаќин употребиле пиротехнички средства недолично се однесувале и биле извикувани слогани со навредлива содржина за што сведочи и делегатот во делегатскиот извештај .

Врз основа на вака утврдена фактичка сотојба , Комисијата утврди дека ФК Вардар АД Скопје сторил прекршок утврден во член 36, 38 и член 51 став 6 од ДП на ФФМ.

При одмерување на казната Комисијата ги зема во предвид сите околности согласно член 3 од ДП на ФФМ и утврди дека клубот ги превземал неопходните мерки на безбедност, како и дека и со вака изречената казна ќе се исполни целта на казнувањето по што едногласно одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Бранко Здравески с.р**

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

**ДН:**
- ФК Вардар АД Скопје
- Комисија за натпревари
- Архива на ФФМ
- МАКФУДБАЛ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ“ 6б
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**